#ourmedia



# ПРИРАЧНИК ЗА МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ

#ourmedia



# ПРИРАЧНИК ЗА МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ

Дубравка Валиќ Недељковиќ

Тијана Фемиќ Бумбиќ

SEENPM
South East European Network for Professionalization of Media

# ВОВЕД

Медиумите и комуникациите денес претставуваат важно подрачје на современите политички превирања. Прашања какви што се влијанието врз уредувачката политика, концентрацијата на сопственост, информациската безбедност и надзорот, квалитетот на информациите и улогата на медиумските платформи во јавниот дискурс станаа централни точки на дискусија. Демократските медиуми не се само канали за комуникација, туку предуслови за демократијата. Во репресивните режими, независното новинарство работи под притисок или целосно исчезнува. Медиумската криза е глобална, а медиумите честопати се заробени од корпоративни и политички интереси.

Глобалните трендови на поларизација, војните во Украина и на Блискиот Исток, технолошките промени и доминацијата на главните технолошки платформи дополнително го загрозуваат независното и квалитетното новинарство. Така, медиумскиот активизам станува неопходен за одржување на вредностите на јавниот интерес во медиумите и комуникациите.

Целта на овој прирачник е да ги мапира добрите практики на медиумскиот активизам за да поттикне активности за одбрана на јавниот интерес во медиумите и комуникациите, вклучувајќи ја промоцијата на медиумската и на информациската писменост.

## ВО ПРАКТИКАТА ОВА ЗНАЧИ:

- Зајакнување на знаењето и на вештините на поединците за да можат да ги вреднуваат медиумските содржини на критички начин.
- Промовирање на етичкото новинарство и слободата на медиумите.
- Застапување за силни програми за медиумска писменост.
- Поттикнување на соработката меѓу едукаторите,



# МЕДИУМСКА И ИНФОРМАЦИСКА ПИСМЕНОСТ

Медиумската писменост им овозможува на поединците да пристапат, да анализираат, да оценуваат и да создаваат медиумски содржини во различни формати. Таа претставува функционална писменост на поединците во 21 век. Медиумската писменост е клучна вештина за справување со дезинформациите, градење информирани општества и поттикнување активно учество во демократските процеси.

## ВЕШТИНИ ШТО ГИ ПРОМОВИРА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ:

- Разбирање на пристрасноста, на стереотипите и поставувањето агенда.
- Препознавање на последиците од онлајн активностите – дигитален отпечаток.
- Критичко размислување – процена на изворите и проверка на автентичноста на информациите.
- Разбирање на новинарските кодекси и етиката.
- Разбирање на улогата на медиумите во општеството.

# ШТО Е МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ?

Медиумскиот активизам опфаќа низа активности насочени кон реформирање на медиумските институции, политики и практики, како и кон создавање алтернативни медиуми што ги промовираат демократските вредности. Активизмот може да се анализира преку различни теоретски рамки, вклучувајќи ги слободата на медиумите, демократизацијата на медиумите, комуникациските права, медиумската правда и културната средина.

Медиумските активисти настојуваат да влијаат врз медиумските политики, независноста на медиумите, структурата на медиумите и содржината, користејќи тактики како притисок врз медиумите, подигање на јавната свест, застапување за разновидност во медиумите и поддршка на алтернативни медиуми со интегритет. Медиумскиот активизам опфаќа широк спектар на прашања поврзани со медиумите, вклучувајќи комуникација на платформи што не се исклучиво новинарски (Хоџиќ, 2024). Целта е да го поттикне ангажирањето на различни целни групи, како новинари, законодавци, државни институции, различни граѓански групи и пошироката јавност.

## КОМПОНЕНТИ НА МЕДИУМСКИОТ АКТИВИЗАМ

- **Застапување за медиумски политики** – Активистите работат на менување на правната рамка, со цел да се обезбеди слободата и независноста на медиумите.
- **Изградба на капацитети** – Се организираат обуки за новинари и за медиумски работници, со цел да се зајакне нивната способност да известуваат критички и етички.
- **Кампањи за медиумска писменост** – Целта е да се подигне свеста на граѓаните за препознавање лажни вести, пропаганда и манипулација.
- **Поддршка за алтернативни медиуми** – Се создаваат платформи што овозможуваат застапување на маргинализираните гласови.



# ЗОШТО ДА СЕ ВКЛУЧАМ ВО МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ?

Медиумскиот активизам има долга историја што опфаќа различни географски и политички контексти. Уште во 20-тите години на минатиот век, активистите во Соединетите Американски Држави застапуваа непрофитен медиумски сектор. За време на 60-тите и 70-тите години, движењата за правата на Афроамериканците и на жените се фокусираа на прашања поврзани со медиумите и комуникациите. Антикапиталистичките движења од Третиот Свет беа движечка сила зад Новиот светски информациски и комуникациски поредок (NWICO) во 70-тите и 80-тите години. Слични примери на активизам се забележани во Бразил, Кореја и во другите делови на светот (Хоџиќ, 2024).

Медиумскиот активизам е важен дури и кога се занимавате со теми што не се директно поврзани со медиумите, бидејќи медиумите играат клучна улога во обликувањето на јавното мислење и во привлекувањето внимание на општествените прашања.

Дури и ако вашиот примарен фокус е „екологија“ или „правата на жените“, еве неколку причини ЗА медиумски активизам:

## ЗОШТО?

**Видливост на прашањето:** Преку медиумскиот активизам можете да допрете до поширока публика и да ја направите вашата тема, без разлика дали станува збор за еколошките прашања или за правата на жените, повидлива и присутна во јавноста на вистинскиот начин.

**Борба против дезинформациите:** Двете споменати теми честопати се предмет на дезинформации и манипулации. Медиумскиот активизам ви овозможува да ширите точни информации и да се спротивставите на наративите што ја намалуваат важноста на овие прашања.

**Поддршка:** Добро осмислените медиумски кампањи помагаат да се ангажираат заедниците, да соберете поддршка за вашите цели и да се изврши притисок врз носителите на одлуки.

**Поврзување теми:** Медиумите се моќна алатка за истакнување на меѓусебната поврзаност на прашањата. На пример, климатската криза влијае врз човечките права во одредени сегменти, што можете да го нагласите преку медиумскиот активизам.

Не заборавајте дека новинарите што одговорно и непречено ја вршат својата работа „го претставуваат гласот на оние што го немаат“, па затоа борбата за слободни медиуми и медиуми со интегритет е борба на сите нас.

## КАКО?

Како активист, вашата цел е да биде слушната вашата порака. Медиумскиот активизам е алатка што помага вашата тема да излезе надвор од тесниот круг на стручњаци и да достигне поширока публика, со тоа отворајќи простор за промена. Покрај тоа, застапувањето за веродостојни и одговорни медиуми, им помага на поединците и на медиумите да се занимаваат со прашања што ви се важни без пречки и со поддршка на заедницата. Честите притисоци врз новинарите создаваат многу неповолна средина во која поединците (новинарите) мора да работат во свој интерес.



**Користење платформи**: Отворете сметки на социјалните медиуми, блогови или кампањи на постојните канали на социјалните медиуми, кои застапуваат одговорен медиумски пристап кон темите со кои веќе се занимавате.

**Едуцирајте и информирајте**: Создавајте содржини што им помагаат на луѓето да ја разберат вашата тема. Истакнете ги манипулациите присутни во вашата тема и штетата што ја предизвикуваат. Поддржете ги медиумите што одговорно ја вршат работата преку прикажување добри примери.

**Партнерства со новинари**: Воспоставете соработка со новинари или со медиумски организации што работат професионално.

**Застапување за медиумска писменост**: Со подигање на свеста за важноста на медиумската писменост, научете ги луѓето да ги препознаваат манипулациите и дезинформациите поврзани со вашите теми. Обезбедете им поддршка на одговорните новинари чијашто работа ќе биде препознаена.

# МЕДИУМИТЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН И ВО ТУРЦИЈА

Извештајот на „Хјуман рајтс воч“ (Human Rights Watch, 2015), заснован на интервјуа со 86 новинари, наведува дека новинарите во Западен Балкан работат во непријателска средина, што директно влијае врз нивната способност да известуваат критички и независно, неопходно за едно демократско општество. Извештајот од 69 страници, насловен „Тежок занает: Слободата на медиумите под напад“, документира физички напади и закани, вклучувајќи закани со смртни казни, тужби насочени кон казнување и кампањи за клевета насочени кон новинарите во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и во Србија.

Според истиот извештај, независните медиуми во Турција главно работат преку онлајн платформи. Властите редовно наредуваат отстранување на критичните содржини од интернет или негативни извештаи поврзани со владините министри, претседателот и членовите на судството. Новинарите се соочуваат со кривично гонење според Законот за борба против тероризмот, како и со обвинувања за кривично гонење за клевета, вклучувајќи го честопати користеното обвинение за „навреда на претседателот“, за кој Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) навел дека не е во согласност со правото на слобода на изразување.

# ИНДЕКС НА МЕДИУМСКА

Индексот на медиумска писменост ги рангира земјите според нивниот потенцијал да се спротивстават на „поствистината“ и на нејзините негативни последици. Индексот комбинира четири главни показатели, со различна тежина, во областите на слободата на медиумите, образованието, довербата и дигиталните навики на граѓаните, со цел да ги пресмета и да ги рангира резултатите на земјите. Индексот ја оценува потенцијалната отпорност на негативните ефекти на намалувањето на јавната доверба, политичката и општествената поларизација и фрагментацијата на медиумите.

Индексот на медиумска писменост на Институтот отворено општество Софија (Open Society Institute Sofia, 2023), содржи инструмент за мерење не на самата медиумска писменост, туку на параметрите што можат да го предвидат нивото на медиумската писменост, со цел рангирање на општествата според нивниот потенцијал за отпорност кога се соочени со феноменот на поствистината, дезинформациите и мисинформациите..

| Rank (1-41) | Country | Score (100-0) | Clusters (1-5) |
|---|---|---|---|
| 1 | Finland | 74 | 1 |
| 2 | Denmark | 73 | 1 |
| 3 | Norway | 72 | 1 |
| 4 | Estonia | 71 | 1 |
| 5 | Sweden | 71 | 1 |
| 6 | Ireland | 70 | 1 |
| 7 | Switzerland | 67 | 1 |
| 8 | Netherlands | 64 | 2 |
| 9 | Iceland | 62 | 2 |
| 10 | Belgium | 61 | 2 |
| 11 | Germany | 61 | 2 |
| 12 | Portugal | 60 | 2 |
| 13 | United Kingdom | 60 | 2 |
| 14 | Austria | 59 | 2 |
| 15 | Czech Republic | 58 | 2 |
| 16 | Spain | 58 | 2 |
| 17 | France | 57 | 2 |
| 18 | Latvia | 55 | 2 |
| 19 | Slovenia | 55 | 2 |
| 20 | Lithuania | 54 | 2 |
| 21 | Luxembourg | 53 | 2 |
| 22 | Poland | 53 | 2 |
| 23 | Slovakia | 48 | 3 |
| 24 | Italy | 47 | 3 |
| 25 | Croatia | 45 | 3 |
| 26 | Malta | 45 | 3 |
| 27 | Hungary | 41 | 3 |
| 28 | Cyprus | 39 | 3 |
| 29 | Greece | 38 | 3 |
| 30 | Ukraine | 38 | 3 |
| 31 | Serbia | 33 | 4 |
| 32 | Moldova | 32 | 4 |
| 33 | Montenegro | 32 | 4 |
| 34 | Romania | 32 | 4 |
| 35 | Bulgaria | 31 | 4 |
| 36 | Turkey | 29 | 4 |
| 37 | Bosnia and Herzegovina | 24 | 5 |
| 38 | Albania | 23 | 5 |
| 39 | North Macedonia | 22 | 5 |
| 40 | Kosovo | 21 | 5 |
| 41 | Georgia | 20 | 5 |

Финска го предводи Европскиот индекс на медиумска писменост 2023 со 74 поени, обезбедувајќи го првото место меѓу 41 земја. Непосредно зад неа е Данска со 73 поени, а на трето место е Норвешка со 72 поени. Естонија и Шведска делат слични достигнувања, секоја со 71 поен, поставувајќи ги на четврто и на петто место, соодветно, додека Ирска го зазема шестото место со 70 поени. Рангирањето се движи од 1 до 41, со резултати мерени на скала од 0 до 100, каде што повисоките резултати укажуваат на подобри перформанси.

На другиот крај на спектарот, Грузија е рангирана на  41. место со резултат од 20 поени. Следува Косово на 40. место со 21 поен, Северна Македонија е на 39. место со 23 поени, а Босна и Херцеговина го зазема 38. место со 24 поени.

# МАПИРАЊЕ НА ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ ВО МЕДИУМСКИОТ АКТИВИЗАМ

Медиумските активисти покриваат широк спектар на прашања од јавен интерес поврзани со медиумите и комуникациите. Нивната работа вклучува теми какви што се застапеноста на малцинските групи во медиумските содржини, промовирање на разновидноста во политиките за вработување, и поддршка на алтернативните медиуми. Покрај тоа, тие се занимаваат со прашања поврзани со независноста и улогата на јавните радиодифузери, транспарентноста во финансирањето и сопственоста на медиумите, правото на пристап до јавни информации, како и безбедноста и заштитата на правата на новинарите. Нивната работа, исто така, вклучува следење на медиумите заради идентификување на пристрасноста, стереотипите и дезинформациите, подигање на нивото на медиумска писменост и справување со други многубројни прашања. Истражувачкиот извештај „Мобилизација за заштита на јавниот интерес во медиумите – Мапирање добри практики за медиумскиот активизам“ (Хоџиќ, 2024), кој беше објавен во рамките на проектот „Нашите медиуми: акција на граѓанското општество за генерирање медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање дијалог“, ги истакнува различните примери на медиумски активизам што можат да послужат како инспирација за понатамошни активности и акции.

Во продолжение се претставени примери на добри практики истакнати во споменатата студија.

# ПЛАТФОРМИ ЗА АЛТЕРНАТИВНА СОДРЖИНА И АЛТЕРНАТИВНИ ИНТЕРНЕТ-УСЛУГИ

Во авторитарните општества, како и во контекстот на доминантната неолиберална идеологија, алтернативните платформи обезбедуваат безбеден и независен простор за политичка субверзија и контранаративи. Овие платформи се потпираат на колективната работа на граѓанските новинари, а може или не мора да постои некаква форма на уредување содржина. Многу од овие платформи, како „Индимедиа“ (Indymedia) или „Мосирин“ (Mosireen), беа создадени за време на граѓанските протести и општествените немири. Повеќето се потпираат на партиципативна продукција на содржини. Во оваа категорија спаѓаат и блогови што нудат уникатни перспективи за прашањата од јавен интерес.

### СЛУЧАЈОТ НА „Индимедиа“ (INDYMEDIA) (САД и пошироко)

„Индимедиа“ (Indymedia) првично се појави како платформа за покривање на протестите против Светската трговска организација во Сиетл во 1999 година, но наскоро се разви во глобална платформа водена од корисниците и демонстрантите. Беше создадена преку соработката на групи за социјална правда, анархистички, социјалистички, комунистички и еколошки организации, како и синдикати. За време на 2000-тите, многу групи од целиот свет ѝ се приклучија на платформата, достигнувајќи 175 активни организации до 2014 година, со заеднички антикапиталистички и социјалистички ставови. Платформата им овозможуваше на сите да објавуваат содржини, при што уредувачката контрола опфаќаше отстранување несоодветни објави на страницата „скриени приказни“. „Индимедиа“ постигна глобално влијание и функционираше околу 20 години благодарение на вмрежувањето на локалните групи и ширењето на целите на протестите. Меѓутоа, порастот на комерцијалните социјални мрежи доведе до нивно затворање, додека некои радикални партиципативни платформи преживеале со ограничен локален досег..

# МЕДИУМИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Оваа категорија вклучува медиуми што известуваат за недоволно застапените заедници, како одредени општини, студентски групи, синдикати и заедници засновани на етнички, родов или друг идентитет. Заедничките медиуми ги вклучуваат членовите на овие заедници во продукцијата и управувањето. Постојат различни разбирања за тоа што претставува заеднички медиум, но овде тие се гледаат како медиуми со јасна мисија ориентирана кон заедницата и јавниот интерес, главно работејќи според непрофитен финансиски модел. Таков модел треба, начелно, да обезбеди одредена изолација од комерцијалните и од посебните политички интереси, што осигурува позависна и поангажирана содржина.

## СЛУЧАЈОТ НА „Телестрит“ (TELESTREET) (Италија)

„Телестрит“ е пример за мрежа на локални групи што обезбедуваат алтернативни вести за граѓаните. „Телестрит“ е движење што потекнува од италијанските метрополски области, првично со телевизиската станица Орфео ТВ, која емитуваше неколку часови дневно со опсег од 200 метри. Основач е медиумскиот теоретичар и активист Франко „Bifo“ Берарди. Подоцна движењето порасна и вклучи речиси сто мини ТВ-станици низ Италија. Овие пирати микроемитери со многу ограничен опсег беа создадени како реакција на контролата над медиумите во земјата од страна на тогашниот премиер Берлускони. Тие заемно се поддржуваат технички и споделуваат веб-архива на материјали за радиоемитување, со тоа зголемувајќи ја националната покриеност и обезбедувајќи одржлива инфраструктура и покрај скромните финансиски и технички ресурси (Renzi 2011, 36).

## НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ

Новинарски проекти и платформи што обезбедуваат независно покривање на настаните во земји управувани од репресивни влади се суштински места на отпор и демократска борба. Слично на тоа, во медиумски системи што се во голема мера заробени од политичките или економските групи на интереси преку односите на финансирање и сопственост, независните медиуми се единствените што известуваат за занемарени теми и гледишта.

### СЛУЧАЈОТ НА „Косово 2.0“ (Косово)

„Косово 2.0“, основан во 2010 година, обезбедува простор за алтернативни наративи, длабински анализи, лични приказни и разновидни перспективи. Платформата е позната по своето уникатно пристапување кон раскажувањето приказни и посветеноста кон критичкото размислување и дијалогот. „Косово 2.0“ користи мултимедија, вклучувајќи текст, фотоесеи, видеа и уметнички проекти за да покрие широк спектар на тематски области, вклучувајќи социјална правда, политика, родови прашања, култура и човекови права. „Косово 2.0“ исто така нуди платформа за млади писатели, уметници и активисти да ги претставуваат своите дела.

# ПРОЕКТИ, ЦЕНТРИ И РЕГИОНАЛНИ/МЕЃУНАРОДНИ МРЕЖИ ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО

Новинарски центри и мрежи, како Меѓународниот конзорциум на истражувачки новинари (ICIJ), Проектот за известување за организиран криминал и корупција (OCCRP) или центрите за истражувачко новинарство (Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора), овозможуваат долгорочни, скапи и честопати прекугранични истраги, кои инаку би било невозможно да се реализираат во другите медиуми поради комерцијализација, политичка потчинетост или едноставно недостиг на ресурси.

## СЛУЧАЈОТ НА ПРОЕКТОТ „ДАФНЕ“

„Дафне“ беше истражувачки новинарски проект на француската новинарска организација „Забранети приказни“ (Forbidden Stories), која ја координираше работата на 45 новинари од 18 новински организации по атентатот на малтешката истражувачка новинарка Дафне Каруана Галиција на 17 октомври 2017 година. Новинарите собраа и споделија голем број документи и информации, а овие приказни ги објавија медиумски организации низ целиот свет. Ова беше првиот меѓународен новинарски проект на „Забранети приказни“, заснован на идејата дека истражувачкото новинарство што се темели на соработка е најдобра одбрана против цензурата. По многубројните  истражувачки новинарски иницијативи, следуваа кривични истраги и оставки на јавни функционери. Откако проектот „Дафне“ ги објави своите истражувачки приказни, еден од платените убијци призна дека ја убил малтешката новинарка, деловниот човек поврзан со убиството беше уапсен, а премиерот поднесе оставка поради врските меѓу јавните функционери и споменатиот бизнисмен (Simon 2023, 16).

## ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДДРШКА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ

Медиумскиот активизам, исто така, вклучува поддршка на алтернативните, независните и истражувачките медиуми. Оваа поддршка опфаќа напори за собирање средства, обезбедување логистичка, техничка и правна помош, нудење можности за обука, набавка на опрема, стекнување знаење и секоја друга активност насочена кон развивање на капацитетите на алтернативните медиуми за обезбедување кредибилна содржина и придонес кон јавна дебата.

### СЛУЧАЈОТ НА ПЛАТФОРМАТА „Нов дан“ (NOV DAN) (Словенија)

„Нов дан“ е експериментална дигитална платформа, лансирана во 2022 година, со цел да придонесе кон одржливоста на независното новинарство во Словенија, преку собирање финансиски придонеси од граѓаните (crowd fundraising) за пет независни медиуми во Словенија – Oštro, In Media Res, Mešanec, Državljan D, Agrument – DJND. Платформата се заснова на стандардот за собирање средства преку интернет, оптимизирање на ангажманот на корисниците и тестирање комуникациски стратегии. Развиена е од невладината организација „Danes je nov dan“, која се занимава со прашања поврзани со дигиталното учество и граѓанскиот активизам, транспарентноста и јавниот надзор. Иницијативата е поддржана од фондацијата „Grant for the Web“ со износ од 46.014 долари. Како проект за колективно финансирање, „Нов дан“ има за цел да ги зајакне членовите на заедницата да ги поддржат платформите и содржините што ги ценат и да ја поттикне кохезијата, трансформирајќи ги медиумските публики од пасивни гледачи во активни учесници. Постојат и други слични примери на собирање средства во регионот на Југоисточна Европа. Тие се соочуваат со предизвици поврзани со ограничената читаност/слушаност/гледаност на независните медиуми, ниските приходи на граѓаните и тешкотиите во одржувањето долгорочна поддршка на граѓаните, но некои платформи (главно оние што нудат уникатна содржина и имаат лојална публика) успеваат да обезбедат значаен дел од своите приходи преку колективно финансирање.

## ОРГАНИЗАЦИИ ШТО БАРААТ МЕДИУМСКИ РЕФОРМИ ВО ШИРОКАТА ОБЛАСТ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

На глобално ниво, многубројни организации спроведуваат различни реформи поврзани со медиумите, вклучувајќи ограничување на концентрацијата на медиумска сопственост и промовирање на медиумскиот плурализам, зачувување на јавните медиуми, обезбедување дигитално учество, заштита на приватноста и ограничување на надзорот над граѓаните.

### СЛУЧАЈОТ НА „Фрее прес“ (FREE PRESS) (САД)

„Фрее прес“ е невладина организација за застапување за медиуми, која претставува пример за организациски раст и зголемено влијание преку акумулирање на нејзината работа и наследство. Основана во 2003 година со неколку вработени, пораснала во организација со повеќе од 35 вработени. Понекогаш имала силно влијание врз политиката на Вашингтон во врска со, на пример, медиумската сопственост и мрежната неутралност, финансирањето на јавните радиодифузери и лажното медиумско известување (McChesney 2009, 49). „Фрее прес“ формира стратегиски коалиции со различни идеолошки групи, вклучувајќи ја, на пример, Христијанската коалиција и другите конзервативни активисти, со тоа зголемувајќи ги шансите за влијание (ibid., 52).

## РЕАКТИВЕН АКТИВИЗАМ ПРОТИВ РЕГРЕСИВНИ ПОЛИТИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ СО БАРАЊА ЗА ПРОГРЕСИВНИ ПРОМЕНИ НА ПОЛИТИКИТЕРОLITIKA

Медиумскиот активизам, исто така, вклучува ад хок акции и барања за запирање на регресивните предлози за политики, како и долгорочно застапување за позитивни решенија. Овој вид медиумски активизам може да вклучи протести, писма, петиции, медиумски кампањи и дискусии со претставниците на јавниот сектор.

### СЛУЧАЈ НА АКТИВИЗАМ ПРОТИВ АМАНДМАНИ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (Албанија)

Во Албанија, постоеле трајни обиди за воведување регулативи за содржините на онлајн медиумите. Најновите предложени амандмани предвидувале дека регулаторите ќе имаат извршни овластувања за казнување и затворање на онлајн медиумите во случај на забелешки на граѓаните за нивната содржина. Многу организации на граѓанското општество се спротивставија на амандманите, бидејќи тие би можеле да ја ограничат слободата на медиумите, со оглед на тоа дека независноста на регулаторите не е загарантирана, а извршните мерки се премногу нејасни и рестриктивни. Медиумите и медиумските организации одржуваа состаноци, пишуваа писма и мислења против амандманите, учествуваа во дискусии со релевантниот парламентарен одбор и организираа протести пред парламентот во декември 2019 за време на пленарна сесија. Законот конечно беше донесен. Меѓутоа, акциите на домашното граѓанско општество придонесоа за мобилизирање на меѓународното јавно мислење и меѓународниот притисок за повлекување на Законот. Венецијанската комисија издаде мислење во јуни 2020, наведувајќи дека Законот е „нејасен и веројатно обесхрабрувачки, задушувајќи ги слободната дискусија и политичкиот говор“. Законот не е применет, а организациите на граѓанското општество продолжиле да се занимаваат со него во јавните дискусии, на тркалезните маси, на ТВ-интервјуата итн. Повлекувањето на Законот беше најавено во октомври 2022.

# МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ЗАКОНИТЕ: МОНИТОРИНГ, ПРАВНА ПОДДРШКА И ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ЗЛОУПОТРЕБА НА ЗАКОНИТЕ

Постои растечки глобален тренд на употреба на законите за вршење притисок врз медиумите, новинарите, активистите и другите надзорни организации, познат како стратегиски тужби против учество на јавноста (SLAPP). Поконкретно, ова вклучува злоупотреба на законите, вклучувајќи клевета дефинирана со кривичното или граѓанското право, како и другите закони поврзани со интелектуалната сопственост, приватноста и заштитата на личните податоци, преку тужби насочени кон заплашување, замолчување и исцрпување на финансиските и на психолошките ресурси на нивните цели. Овие тужби имаат обесхрабрувачки ефект врз разоткривањето на кривичните дела и злоупотребите, претставувањето алтернативни мислења и ангажирањето на јавноста.

## СЛУЧАЈОТ НА ПРАВНАТА МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА (LNPD) (Словенија)

Мрежата беше основана за време на пандемијата на КОВИД-19 и формирањето влада предводена од Словенечката демократска партија, со цел да обезбеди правна заштита и да ги оспори рестриктивните владини мерки, ограничувањето на правото на движење, ограничувањето на пристапот на граѓаните до информации и учеството во процесите на донесување одлуки, како и обезбедување поддршка во случаи на напади врз независните државни тела, судството, актерите на граѓанското општество и протестантите. Мрежата беше формирана во 2020 година, кога „Амнести интернешенел Словенија“, „Danes je nov dan“, „ПИК – Правно-информациски центар за НВО“ и „Институт за културна разновидност Отворен“ ги здружија силите со поддршка и соработка на водечките адвокатски фирми, професорите по право и волонтерите. Мрежата дава совети, поднесува жалби до владините канцеларии, помага во поднесувањето тужби, поднесува кривични пријави против јавните функционери, организира дискусии итн. Регулативите што беа оспорени од ЛНДП беа поништени од Уставниот суд или, пак, беа коригирани, а мрежата што демонстрираше солидарност покажа големи потенцијали во одбрана на владеењето на правото.

# ПРЕПОРАКИ ЗА (ИДНИ) АКТИВИСТИ

Врз основа на анализата на историски примери и современите предизвици, следните препораки можат да послужат како водич за идните медиумски активисти, чија цел е да го подобрат медиумскиот простор и комуникациите во служба на јавниот интерес:

**Јасно дефинирајте ги целите и стратегиите**

Насочете ги активностите кон конкретни цели, како демократизација на медиумите, подобрување на медиумската писменост, транспарентност во сопственоста и финансирањето на медиумите или промовирање на правото на пристап до информации.
Приспособете ги стратегиите кон локалниот контекст, потпирајќи се на успешните практики, како воспоставување алтернативни медиуми, лансирање кампањи за реформа на медиумската политика или градење коалиции со организации со слично размислување.

## Освежете ги тактиките

Клучно е да се обезбедат точни податоци, како и практични и достапни решенија за проблемите. Зошто да не искористите можност за ново  истражување? Или да лансирате онлајн анкета во вашата заедница за да соберете нови податоци што го поддржуваат вашиот аргумент? Исто така, можете да собирате приказни од лица засегнати од негативното известување за одредено прашање и да ги користите за да ја илустрирате впечатливо вашата цел. Ситуацијата можеби произвела нови клучни актери за вашата цел кои се подготвени да соработуваат со медиумите. Истражете и приспособете ги соодветно вашата порака и тактиките.

## Обликувајте ја вашата порака

Врамувањето е моќна комуникациска алатка. Во зависност од рамката што ќе ја изберете, можете да постигнете многу различни резултати. Можете да ги обликувате вашите пораки за застапување така што ќе бидат колку што е можно поубедливи за целната публика. Контекстуалното знаење, т.е. локалното и културното разбирање, е клучно.

## Изградете отпорност на надворешни притисоци

Бидете свесни за политичките и за економските бариери, какви што се корпоративната доминација или регулаторните ограничувања. Развивајте долгорочни стратегии што можат да ги неутрализираат овие бариери преку правни реформи, лобирање и јавно застапување.

## Соработувајте

Здружувањето со истомисленици и организации може да ги зголеми шансите за постигнување на вашите цели за застапување. Развивањето на ваквите соработки бара детално разбирање на потенцијалите и на слабостите на другите актери во областа, како и на вашата сопствена организација. Размислете за следното: Кој има комплементарни капацитети и врски од кои вашата организација би имала корист, и обратно?

### Некои аспекти што треба да ги разгледате пред соработката:

- Дали споделувате иста цел?

- Дали имате слични стандарди на практика?

- Каква инфраструктура можете да користите и дали постои доволна поддршка од двете страни за да се одржат напорите?

## Фокусирајте се на медиумската и на информациската писменост

Подигнете ја свеста на граѓаните за важноста на медиумскиот активизам и зајакнете ги преку образование за критичко разбирање на медиумските пораки, препознавање дезинформации и учество во медиумски реформи.

Медиумската писменост е темелот за мобилизација на јавноста и поддршка на комуникациските реформи.

## Користете технологија и иновации

Технолошките платформи нудат можности за ширење пораки, организирање настани и ангажирање граѓани. Алтернативните медиуми, како медиумите на заедницата или непрофитните онлајн платформи, може да бидат клучни за дистрибуција на содржини од јавен интерес. Следете ги технолошките промени и приспособувајте се за да останете релевантни и конкурентни во дигиталниот простор.

## Учете од историски примери

Анализирајте ги успесите и неуспесите на претходните медиумски движења за да препознаете ефективни пристапи и да ги избегнете вообичаените пречки. На пример, кампањите за плурализам во Бразил и јавната мобилизација во Кореја, прикажани во табелата, нудат вредни лекции за важноста на колективните акции и локалните иницијативи.

# DODATNI RESURSI

| | |
|---|---|
| **СРБИЈА** | Закон за јавно информирање и медиуми, Закон за електронски медиуми, Закон за јавен сервис радиодифузија, Закон за слободен пристап до информации од јавно значење |
| **БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА** | Закон за комуникации, Закон за системот на јавните радиодифузни услуги на Босна и Херцеговина, Закон за слобода на пристап до информации на институционалното ниво на Босна и Херцеговина |
| **ЦРНА ГОРА** | Закон за медиуми, Закон за електронски медиуми, Закон за јавни радиодифузни услуги, Закон за пристап до информации |
| **АЛБАНИЈА** | Закон за печатот, Закон за аудиовизуелните медиуми, Закон за пристап до информации |
| **КОСОВО** | Закон за јавно радиодифузирање, Закон за пристап до јавни документи |
| **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Закон за медиуми, Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер |

# Благодарници

Овој прирачник го подготвија Дубравка Валиќ Неделкович и Тијана Фемиќ Бумбиќ, врз основа на истражувањето на Хоџиќ, С. (2024), Мобилизација за заштита на јавниот интерес во медиумскиот и комуникацискиот сектор – Мапирање добри практики за медиумскиот активизам.

И истражувањето и овој прирачник беа развиени во рамките на регионалниот проект „Нашите медиуми: Акција на граѓанското општество за развој на медиумска писменост и активизам, намалување на поларизација и промовирање дијалог", спроведен од партнерски организации СЕЕНПМ (SEENPM), Албанскиот медиумски институт, Советот за печат на Косово, Македонскиот институт за медиуми, Новосадското училиште за новинарство, Институтот за мир и Бианет, со финансиска поддршка од Европската Унија.

Овој прирачник има за цел да обезбеди, во концизен и достапен формат, клучни наоди од истражувањето заедно со модели и примери на добри практики во медиумскиот активизам. Исто така, вклучува релевантни податоци и увиди од Индексот за медиумска писменост (Open Society Institute Sofia, 2023) и извештајот на „Хјуман рајтс воч" (Human Rights Watch) (2015).

Funded by
the European Union

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Новосадската новинарска школа и СЕЕНПМ и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.*